Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на СРМ" бр. 18/76), Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 22 април 1977 година, го утврди пречистениот текст на Законот за прекинување на бременоста.

Пречистениот текст на Законот за прекинување на бременоста ги опфаќа Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на СРМ" бр. 22/72) и Законот за изменување и дополнување на Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на СРМ" бр. 18/76), во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

Бр. 09-58
22 април 1977 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија
**Димче Козаров,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА
## (Пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Прекинувањето на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена.

Правото на прекинување на бременоста може да се ограничи само заради заштита на здравјето на бремената жена.

### Член 2

Заради заштита на здравјето на бремената жена, прекинувањето на бременоста не може да се изврши по истекувањето на десет недели од денот на зачетокот.

Прекинувањето на бременоста не може да се изврши и пред истекот на десет недели од денот на зачетокот, ако е тоа особено штетно по здравствената состојба на бремената жена.

Прекинувањето на бременоста не може да се изврши ако од прекинувањето на претходната бременост не поминала една година.

### Член 3

По исклучок, прекинувањето на бременоста може да се изврши и по истекот на десеттата недела од денот на зачетокот, како и пред истекот на една година од претходното прекинување на бременоста, по барање од бремената жена во следниве случаи:

1. кога врз основа на медицински индикации ќе се утврди дека бременоста претставува опасност по животот или ќе доведе до тешко нарушување на здравјето на жената за време на бременоста, породувањето или по породувањето;
2. кога врз основа на научни сознанија може да се очекува дека детето ќе се роди со тешки телесни или душевни недостатоци;
3. кога до зачетокот дошло во врска со извршување на кривично дело: силување, обљуба над немоќно лице, обљуба над малолетно лице, обљуба со злоупотреба на положбата, заведување или родоскврнавење;
4. Кога ќе се утврди дека во текот на бременоста, или по породувањето би можела

жената да дојде во тешки лични, семејни, материјални или други прилики што ќе имаат одраз врз нејзината здравствена состојба.

Како тешки лични, семејни, материјални и други прилики се сметаат особено: потешко нарушените брачни односи, постоењето асоцијални појави во семејството, тешките станбени услови, материјалната необезбеденост, нарушувањето на здравствената состојба на членови на семејството и бројот на децата во семејството.

Прекинувањето на бременоста од претходниот став ќе се изврши доколку се оцени дека со прекинувањето на бременоста нема да дојде до потешко оштетување на здравјето или до непосредна опасност по животот на бремената жена.

Член 4

Постапката за одобрување и извршување прекинување на бременост е итна.

Во постапката за одобрување и извршување на прекинувањето на бременост се обезбедува чување на службената тајна и почитување достоинството на личноста на бремената жена.

Член 5

Заради навремено запознавање на жените со последиците што можат да настанат поради прекинувањето на бременоста и со средствата што се применуваат за спречување на несаканата бременост:

1) здравствените организации на здружениот труд, во рамките на своите задачи, во своите планови за работа предвидуваат предупредување на бремената жена и нејзиниот брачен другар за штетноста од прекинувањето на бременоста по здравјето на жената и нивно запознавање со можностите и методите за спречување на несаканата бременост;

2) здравствените организации на здружениот труд коишто во својот состав имаат дејност за заштита на мајката и детето, преку диспанзерите за жени и деца и лекарите од општа медицина, особено во селските подрачја, се должни преку активен метод на работа да им посветуваат постојано внимание на жените во генеративниот период, укажувајќи им на предимствата од примената на контрацепциските средства и методи во спречувањето на несаканата бременост и на штетните последици од прекинувањето на бременоста, по здравјето и животот на жената како ефикасни фактори во планирањето на семејството.

Здравствените организации на здружениот труд, во местата каде што нема специјалистичка гинеколошко-акушерска дејност, се должни на лекарите од општа медицина и на другите медицински кадри да им овозможуваат да се здобијат со потребните стручни знаења и искуства во примената на контрацепциските средства и методи за спречување на несаканата бременост.

Член 6

За помасовно и навремено запознавање на жените со последиците што можат да настанат поради прекинувањето на бременоста и со средствата што се применуваат заради спречување на несаканата бременост:

1) установите за социјална заштита и другите организации кои што се занимаваат со прашања на заштитата на мајката и детето, воспитно-образовните установи и работничките и народните универзитети, во рамките на своите задачи, се должни во своите планови за работа, односно програми, да ги опфатат и прашањата за укажување на жените и мажите како и на младината на штетните последици од прекинувањето на бременоста и на предимствата од примената на средствата и методите на контрацепција;

2) воспитно-образовните установи се грижат во својата работа да вклучат воспитување на младината за хумани и здрави односи меѓу половите.

## II. ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

### Член 7

За прекинување на бременоста до 10 недели бремената жена со потребната медицинска документација, добиена од лекар специјалист по гинекологија и акушерство, се обраќа до здравствената организација на здружениот труд, која ги исполнува условите предвидени од член 20 од овој закон.

Пред прекинувањето на бременоста лекарот ќе ја предупреди бремената жена и нејзиниот брачен другар на можните штетни последици од прекинувањето на бременоста по здравјето и животот на жената и ќе ги запознае со можностите и методите за спречување на несаканата бременост.

Ако бремената жена, по предупредувањето остане при своето барање, лекарот ќе изврши прекинување на бременоста за што води книга за евиденција.

Доколку лекарот утврди дека се изминати повеќе од десет недели од денот на зачетокот, или дека прекинувањето на бременоста не го дозволува здравствената состојба на бремената жена, ќе ја упати на првостепена комисија за одобрување на прекинувањето на бременоста.

По приговор против одлуката на првостепената комисија решава второстепената комисија.

Првостепената комисија се формира при здравствена организација на здружениот труд која во својот состав има диспанзер за жени со советувалиште за планирање на семејството и за контрацепција, а второстепената комисија во здравствената организација на здружениот труд која ги исполнува условите од член 20 на овој закон.

### Член 8

Комисиите од претходниот член се состојат од по тројца членови – лекар специјалист по гинекологија и акушерство, лекар специјалист по интерна медицина и социјален работник. На членовите на комисијата им се определуваат заменици.

Претседателот на комисијата, по правило, е лекар специјалист по гинекологија и акушерство.

Комисиите имаат секретар што го определува здравствената организација на здружениот труд при која е формирана комисијата.

### Член 9

Првостепените комисии ги формираат општините.

Две или повеќе општини можат да формираат заедничка првостепена комисија.

Второстепените комисии ги формира републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

### Член 10

Барањето за прекинување на бременост се поднесува писмено до првостепената комисија.

Ако бремената жена е малолетна, или лишена од деловна способност, барањето го поднесува, односно дава согласност за прекинување на бременоста, родителот, односно старателот на бремената жена.

Кон барањето за прекинување на бременоста се приложува:

– потврда од лекар специјалист по гинекологија и акушерство дека жената е бремена и дека и е укажано на штетните последици од прекинувањето на бременоста;

– наод и мислење од лекар специјалист по соодветната гранка на медицината во чија област спаѓа заболувањето на бремената жена, односно болеста на родителот (член 3 став

1, точките 1 и 2 на овој закон), потврда од надлежниот јавен обвинител дека е покрената кривична постапка (член 3 став 1 точка 3 на овој закон) односно потврда од општинскиот орган на управата надлежен за работите на социјалната заштита, односно од установа за социјална заштита или од здравствена организација на здружениот труд, ако прекинувањето на бременоста се бара поради причините од член 3 став 1 точка 4 на овој закон.

Член 11

При разгледувањето на барањето за прекинување на бременоста на седницата на комисијата можат да присуствуваат бремената жена и нејзиниот брачен другар.

Член 12

Во постапката по барањето за прекинување на бременоста комисијата ќе ја предупреди бремената жена, односно подносителот на барањето за штетноста од прекинувањето на бременоста по нејзиното здравје и ќе ја запознае со можностите и методите за спречување на несаканата бременост, како и со постојните советувалишта во здравствените и други организации на здружениот труд од кои може да се побара совет заради спречување на несаканата бременост.

Член 13

Комисиите работат на седници и одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови.

Комисиите се должни да донесат одлука во рок од 3 дена, и тоа: првостепената комисија од поднесувањето на барањето за прекин на бременоста, а второстепената комисија откако ќе и биде доставен предметот по приговорот од бремената жена.

Ако рокот од претходниот став не може да се запази од оправдани причини, тој рок не може да биде подолг од седум дена.

Член 14

Прекинување на бременост може да се изврши без одлука на комисијата ако поради непосредна опасност по животот и здравјето на бремената жена не може да се чека одлука на комисијата, или ако е во прашање започнато прекинување на бременост.

Лекарот којшто извршил, или довршил прекинување на бременост без одлука на комисијата, должен е во рок од 24 часа за тоа да го извести работоводниот орган на здравствената организација на здружениот труд, а работоводниот орган е должен во рок од 3 дена за случајот да ја извести првостепената комисија.

Член 15

Одлуката на првостепената комисија му се соопштува на подносителот на барањето веднаш на седницата на комисијата.

Против одлуката на првостепената комисија може да се изјави приговор на записник веднаш, или писмено, во рок од 3 дена по соопштувањето на одлуката. Записникот за приговорот, заедно со сите списи, без одлагање се доставува до второстепената комисија.

Одлуката на второстепената комисија е конечна.

Член 16

За работата на лекарот, односно на комисијата се води записник и книга за евиденција.

Документацијата во врска со работата на лекарот, односно на комисијата, се чува како доверлива медицинска документација, во посебна архива на здравствената организација на здружениот труд.

Член 17

Начинот на работа на лекарот, како и начинот на работа на првостепените и второстепените комисии, обрасците на записникот и на книгата за евиденција (член 7 и член 16) ќе ги пропише републичкиот секретар за здравство и социјална политика, во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Здравствената организација на здружениот труд кај која е образувана комисија, најдоцна до крајот на јануари во почетокот на годината е должна да поднесе извештај за својата работа за претходната година до органот што ја формирал комисијата.

Член 19

Надоместокот за работата на членовите на комисијата, на нивните заменици и на секретарот на комисијата паѓа на товар на буџетот на општината, односно на Републиката.

Висината на надоместокот од претходниот став ја определува органот што ја формира соодветната комисија.

Член 20

Прекинувањето на бременоста се врши во здравствена организација на здружениот труд која во својот состав има гинеколошко-акушерско одделение кое ги исполнува минималните услови за работа според Законот за здравството и прописите донесени врз основа на него.

Член 21

Прекинување на бременоста врши само специјалист по гинекологија и акушерство, или лекар на специјализација по истата гранка на специјалност, под надзор на лекар специјалист по гинекологија и акушерство.

Член 22

По извршеното прекинување на бременоста жената се става под медицински надзор најмалку три дена.

Под посебен медицински надзор и контрола се ставаат особено жените по првото прекинување на бременоста.

Со цел да се спречат последиците, жените со РХ негативен фактор, по првото прекинување на бременоста, добиваат анти Д гамаглобулин.

Член 23

Ако при довршување на започнатото прекинување на бременоста основано се посомнева дека е во прашање кривично дело, работоводниот орган на здравствената организација на здружениот труд во која е довршено започнатото прекинување на бременост е должен за тоа веднаш да поднесе пријава до надлежното јавно обвинителство.

Член 24

Здравствената организација на здружениот труд во која е извршено, или во која е довршено, веќе започнатото прекинување на бременоста е должна за секој случај на фетална смрт да поднесе пријава до надлежниот орган во рок од 3 дена.

Член 25

Стручната работа на комисиите и на здравствените организации на здружениот труд во кои се врши прекинување на бременост подлежат на надзор согласно со Законот за здравството.

Член 26

Административните и финансиските работи на комисиите ги врши здравствената организација на здружениот труд кај која е формирана комисијата.

## Ш. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Со парична казна од 1.000 до 5.000 динари ќе се казни здравствена организација на здружениот труд за прекршок:

1) ако спротивно на член 4 од овој закон не обезбеди чување на службената тајна;

2) ако спротивно на член 14 став 2 од овој закон не изврши соодветно известување во утврдените рокови;

3) ако спротивно на член 7 и член 16 од овој закон не обезбеди водење на записник и книга за евиденција за работата на лекарот, односно на комисијата, или ако не обезбеди посебна архива за чување на документацијата во врска со работата на лекарот, односно на комисијата;

4) ако спротивно на член 18 од овој закон не поднесе извештај за работата до надлежниот орган;

5) ако спротивно на членовите 23 и 24 од овој закон не поднесе соодветна пријава до надлежниот орган во утврдениот рок.

За дејствијата од претходниот став ќе се казни за прекршок одговорното лице во здравствената организација на здружениот труд со парична казна од 100 до 500 динари.